# THE NATURE OF THE CONTEMPORARY COMMUNICATION IN THE CLASSROOM

**Gjorgjina Kjimova**
International Slavic University, G.R. Derzhavin, Sveti Nikole, Bitola, Republic of Macedonia,
ginakimova@yahoo.com

**Abstract:** Teaching in the classroom is a very complex process. It is a multiplied communication process. In classrooms, communication often does not happen in a logical order, either just the teacher and one student to communicate, while others listen or wait patiently. The teacher talks to one student, another student asks a new question, the third gets stuck with the thoughts ... While such moments occur, overlapping interactions and distortions can occur. The only way to manage such complicated situations is to understand and adopt the key features of classroom communication. One part of the features has to do with the functions or goals of communication, especially with the balance of speech related to the content, the procedure and the control speech. Other features are related to the nature of nonverbal communication that complements, sometimes even contradicting what is said orally. Third characteristics are related to the unwritten expectations of students and teachers about how to participate in certain types of activities in the school, called the participation structure. Communication functions are accomplished through the content of communication, the communication procedure and control communication. The content of the speech focuses on what is supposed to be palnable to be processed at a certain lesson by a particular subject. The procedural speech refers to the existence of administrative rules or routines necessary for achieving the goals in the classroom. Controlling speech is about preventing or correcting wrong reactions when they occur, especially when false reactions are not due to ignorance. Nonverbal communications are gestures or behaviors that transmit information, often simultaneously with the spoken words. In principle, a large number of structures for participation in communication in teaching activities in the classroom are possible, the most frequent are explications, questions and answers, discussions, group work. In order to be effective in the use of verbal communication, teachers should use appropriate content-related content strategies, such as using predefined organizers, linking new information with prior knowledge, and organizing new information structures for the benefit of students. It includes strategies that help students communicate, such as learning with research and cooperative learning.
In the context of monitoring the situation in our schools for the educational communication process, the article displays theory and empirical research in 5 primary schools in the Republic of Northern Macedonia.
**Keywords:** communication, classroom, communication functions, non-verbal communication, structures of participation in communication

# ПРИРОДА НА СОВРЕМЕНАТА КОМУНИКАЦИЈА ВО УЧИЛНИЦА

**Ѓорѓина Ќимова**
Меѓународен Славјански Униврзитет ,,Г.Р.Државин,, Свети Николе,Битола, Република Македонија, маил ginakimova@yahoo.com

**Резиме**: Наставата во училницата е многу сложен процес. Таа е мултиплициран комуникациски процес. Во училниците, комуникацијата често не се случува со логичен редослед, или само наставникот и еден ученик да комуницираат, додека другите да слушаат или чекаат трпеливо. Наставникот разговара со еден ученик, друг ученик прашува ново прашање, трет залутан со мислите...Додека се случуваат такви моменти, може да се случат преклопувачки интеракции и нарушувања. Единствениот начин да се управува со такви комплицирани ситуации е да се разберат и да се усвојат клучните карактеристики на комуникацијата во училницата. Еден дел на карактеристики има врска со функциите или целите на комуникацијата, особено со балансот на говорот поврзан со содржината, процедурата и контролниот говор. Други карактеристики се поврзани со природата на невербалната комуникација која дополнува, понекогаш дури и противречи на она што е кажано усно. Трети карактеристики имаат врска со непишаните очекувања од учениците и наставниците за тоа како да учествуваат во одредени видови на активности во училицата, така наречена структура на учество. Функциите на комуникацијата се остваруваат низ содржината на комуникацијата, процедурата на комуницирање и контролната комуникација.Содржината на говорот се фокусира на она што е треба да е палнирано да се обработува на одреден час по одреден предмет. Процедуралниот говор се

однесува на постоењето на административни правила или рутини потребни за остварување на целите во училница. Контролниот говор е за спречување или корегирање на погрешни реакции кога тие се појавуваат, особено кога погрешните реакции не се поради незнаење. Невербалните комуникации се гестови или однесувања кои пренесуваат информации, често истовремено со изговорените зборови. Во принцип, се можни голем број на структури за учество во комуникација во наставни активности во училница,најчести се предавањата, прашања и одговори, дискусии, групна работа. За да бидат ефективни во употребата на вербална комуникација, наставниците треба да користат соодветни наставни стратегии поврзани со содржината, како што се користење на однапред одредени организатори, поврзување на нови информации со претходно знаење и организирање на нови структури на информации во корист на учениците. Тоа вклучува стратегии кои им помагаат на учениците да комуницираат, како што е учењето со истражување и кооперативно учење.

Во контекст на следење на состојбата во нашите училишта за воспитно образовнот комуникациски процес, трудот прикажува теоретски осврт и приказ на емпириско истражување со прелиминарен карактер во 5 основни училишта во Република Северна Македонија.

**Клучни зборови:** комуникација, училница, функции на комуникација, невербална комуникација, структури на учество во комуникација

## 1.ВОВЕД

Бидејќи комуникацијата во училниците е посложена и непредвидлива отколку во многу други ситуации, важно е за наставниците да ги разберат нејзините уникатни карактеристики и функции. Корисно е да се мисли на комуникацијата во училница како служи на мешавина од три цели одеднаш: содржински разговор, процедурален разговор и контролен разговор за корекција на однесувањето. Исто така е корисно да се препознае дека комуникацијата во училницата има елементи кои не се само вербални, туку и невербални и ненамерни.За да бидат ефективни во употребата на вербална комуникација, наставниците треба да користат соодветни наставни стратегии поврзани со содржината, како што се користење на однапред одредени организатори, поврзување на нови информации со претходно знаење и организирање на нови структури на информации во корист на учениците. Тоа вклучува стратегии кои им помагаат на учениците да комуницираат, како што е учењето со истражување и активно учествување.

## 2.КОМУНИКАЦИЈА ВО УЧИЛНИЦА

Единствениот начин да се управува со такви комплицирани ситуации е да се разберат и да се усвојат клучните карактеристики на комуникацијата во училницата. Еден дел на карактеристики има врска со функциите или целите на комуникацијата, особено со балансот на говорот поврзан со содржината, процедурата и контролата на однесување. Други карактеристики се поврзани со природата на невербалната комуникација - која дополнува и понекогаш дури и противречи на она што е кажано усно. Трети карактеристики имаат врска со непишаните очекувања од учениците и наставниците за тоа како да учествуваат во одредени видови на активности во училицата, така наречена структура на учество. **1.Функции на комуникацијата** се остваруваат низ содржината на комуникацијата, процедурата на комуницирање и контролната комуникација.Содржината на говорот се фокусира на она што е треба да е планирано да се обработува на одреден час по одреден предмет. Процедуралниот говор се однесува на постоењето на административни правила или рутини потребни за остварување на целите во училница. Контролниот говор е за спречување или корегирање на погрешни реакции кога тие се појавуваат, особено кога погрешните реакции не се поради незнаење. Вербалната комуникација е порака или информација изразена со зборови, или усно или во писмена форма. Училниците вообичаено имаат многу вербална комуникација, а тоа се случува секој пат кога наставникот објаснува дел од содржината, поставува прашања или пишува информации, план или инструкции на таблата.

**2.Невербалните комуникации** се гестови или однесувања кои пренесуваат информации, често истовремено со изговорените зборови. Ненамерните комуникации се дополнителни значења на вербалните искази. Тие се пораки кои ги добаат учениците несвесно или без посебна интенција од наставникот. Наставникот може да каже: "Овој дел од текстот нема да биде на тестот, но сепак прочитајте го!. Но, наместо тоа, ученикот може да ја слушне поракатa-Не читај го овој дел од текстот , не ти е потребен! Она што е слушнато не е она што наставникот сакал да биде слушнато. Ефективното комуницирање бара да се користат сите форми на комуникација и интеракција во училницата во комбинации, соодветни за конкретно одделение или клас.

Ефективни содржини на комуникација:

| **СОДРЖИНИ НА КОМУНИКАЦИЈА ОД СТРАНА НА НАСТАВНИЦИТЕ** | | |
|---|---|---|
| **Стратегија** | Дефиниција | Како помага комуникацијата |
| **Користење напредни организатори** | Тврдења или идеи кои даваат концизен преглед на новиот материјал | Ориентирање на вниманието на учениците кон новите идеи што треба да се научат; помага во разбирањето и сеќавањето на новиот материјал |
| **Поврзување на новиот материјал со претходното знаење** | Експлицитни врски на новите идеи со веќе постоечкото знаење на учениците | Го олеснува учењето на новиот материјал, со тоа што ќе стане повеќе сфатливо за учениците |
| **Елаборирање и проширување на нови информации** | Објаснување на нови идеи во суштина, комплетни битни термини | Се избегнува двосмисленост и недоразбирања во врска со новите идеи или концепти |
| **Организирање на нови информации** | Обезбедување и следење на јасна структура при објаснување на нов материјал | Помага во разбирање и присетување на новиот материјал |
| **СОДРЖИНИ НА КОМУНИКАЦИЈА ОД СТРАНА НА УЧЕНИЦИТЕ** | | |
| **Учење со истражување** | Учениците добиваат нови знаења од решавање на одредени задани проблеми со помош на истражување. | За да се формулира и испита проблемот, учениците треба јасно да го изразат она што сакаат да дознаат како цел на истражувањето |
| **Кооперативно учење** | Учениците работат во мали групи за да решат заеднички проблем или задача | За да работат заедно учениците треба да научат да ги изразат своите мислења и идеи на нивните соученици. |

Шема 1. Ефективни содржини на комуникација

| **СТРАТЕГИЈА ЗА ПРОЦЕДУРАЛНА КОМУНИКАЦИЈА** | **СТРАТЕГИЈА ЗА КОНТРОЛНА КОМУНИКАЦИЈА** |
|---|---|
| **Креирање и дискутирање на процедурите за дневни рутини** | Креирање и дискутирање на правила во одделението за соодветно однесување |
| **Објавување на транзициите помеѓу активностите** | Појаснување на проблемот со сопствената одговорност |
| **Обезбедување на јасни упатства и насоки за активности** | Активно слушање и емпатија |
| **Периодично потсетување на учениците на процедурите за завршување на задача** | Користење на дадени правила |

***Шема 2.Ефективната процедурална и контролна комуникација***

И покрај нивната важност зборовите не се единствениот начин на кој наставниците и учениците комуницираат. Големо значење има ефективната невербална комуникација Гестовите и невербалното однесување имаат влијание врз пренесувањето на информациите, кои честопати ги поддржуваат зборовите на наставникот, но понекогаш може и да се контрадикторни.

*Контакт со очи*-Едно важно невербално однесување е погледот во очите, кој го претставува степенот и времето на погледот на говорникот диретно во очите на слушателот. Повторното погледнување во очите, всушност, често сигнализира дека говорникот ќе заврши со своето искажување и го поканува слушателот на одговор од негова страна. За учениците кои не се навикнати на континуиран контакт со очите, може да се чувствуваат како наставникот да гледа премногу и несоодветно. Неискусните наставници исто така, може да

се чувствуваат непријатно кога постојано гледаат во учениците. Сепак, постојат проблеми ако двата партнери користат спротивни обрасци на контакт со очите кои произлегуваат од различни култури. Во тој случај, едно лице може да го интерпретира директниот поглед како покана за започнување со разговор, а другото лице мисли на невербална опомена да престане да зборува.

*Време на чекање*-Друго важно невербално однесување е времето на чекање, која претставува пауза помеѓу разговорот. Треба да се почекаат временските ознаки кога разговорот започнува или завршува. Ако наставникот постави прашање, на пример, времето на чекање, овозможува и ги поттикнува учениците да формулираат соодветен одговор.

*Социјална дистанца*-Кога двајца луѓе комуницираат, физичкиот простор или растојанието помеѓу нив е нивната социјална дистанца која често укажува на тоа колку е интимна или лична нивната врска . Ако односот е професионален, растојанието на поединците е околу еден метар до три метри. На пример, наставник кој разговара со ученик или разговара со мала група ученици е на помало растојание. За уште поформални интеракции, поединците имаат растојание од три метри, на пример, кога наставникот комуницира со целиот клас.

**3.Структури на учество: ефекти врз комуникацијата**: Во принцип, се можни голем број на структури за учество во комуникација во наставни активности во училница,најчести се предавањата, прашања и одговори, дискусии, групна работа. **Предавање** -Наставникот објаснува, а учениците го слушаат, при што учениците може да земаат белешки, но може и не. **Прашања и одговори** -Наставникот прашува серија прашања, повикувајќи еден по еден ученик да одговори на секое од нив.**Дискусија** -Наставникот накратко опишува некоја тема или проблем и ги повикува учениците да коментираат за тоа. Учениците изразуваат нешто што е важно за темата, но, исто така, може да одговорат на претходните говорници ако е можно. **Групна работа** -Наставникот задава задача, а мала група ученици ги обработуваат заеднички деталите за нејзино остварување. Наставникот може да го контролира напредокот на групата пред да заврши, но не е задолжително.

Во оваа насока битни се комуникациски стилови кои владеат во училницата. Професорите и учениците имаат различен стил на комуницирање наречени комуникациски стилови во училницата.

## 3.СТРАТЕГИИ НА КОМУНИКАЦИЈА ВО УЧИЛНИЦА

Во овој контекст е битно како наставниците треба да комуницираат со учениците и какви стратегии на комуникација користат. Секоја стратегија истовремено влијае на текот на дискусијата и го фокусира вниманието на учениците, и на овие начини, исто така, помага индиректно да се осигура соодветно однесување во училницата:

***Номинирање, ограничување и прекинување на говорниците:***Наставниците често избираат кој ќе зборува. Од друга страна, тие често го ограничуваат погрешното толкување на учениците и го прекинуваат ученикот за да дообјаснат.

***Одбележување на важноста или ирелевантноста:*** Наставниците понекогаш покажуваат дека идејата е важна. Од друга страна, понекогаш, исто така, укажуваат дека идејата не е клучна или важна.

***Означување на границите помеѓу активностите:*** Наставниците најавуваат кога е завршена активноста и започнува нова .

***Преувеличени промени во интензитетот на гласот:*** Кога се зафатени со наставата, наставниците имаат тенденција да ги истакнат промените со интензитетот на нивниот глас.

***Внимателно изразување:*** Во класот, наставниците имаат тенденција да зборуваат побавно, јасно и внимателно со цел сите да разберат.

***Поставување на прашања за "тест" и оценување на одговорите на учениците:*** Наставниците често поставуваат прашања за тест – прашања на кои веќе го знаат одговорот. Потоа тие го оценуваат квалитетот или точноста на одговорите на учениците.

***Формален речник и граматика:*** Наставниците имаат тенденција да користат речник и граматика што е поформален, стандарен и правилен, а секако и учтив, и кој користи релативно малку секојдневни изрази.

**Во однос на тоа Како учениците комуницираат битно е да се истакне дека природно** нивниот стил на говор се разликува од говорот на наставникот поради нивните очигледни разлики во возраста, во одговорностите, нивоата на знаење и меѓусебните односи со наставникот.

***Примена на агенда:*** Понекогаш учениците ја прекинуваат дискусијата за да прашат или да ги потсетат другите, и особено наставникот, на договорената агенда.

***Обиди за дигресија:*** За време на дискусијата или активноста, студентот поставува прашање или изјавува нешто што не е релевантно за зададената задача во моментот.

***Молчење:*** Студентот не вели ништо како одговор на коментари на говорникот или на поканата да зборува.
***настран разговор:*** Еден ученик разговара со друг ученик на час за неповрзаи теми, или за да биде социјален или за да добие информации потребни за тековната зададена задача.
***Повикување:*** Ученикот може да зборува неповикан, без да го повика наставникот. Коментарот на ученикот може или не може да биде релевантен за тековната задача или тема, а наставникот може или не може да признае или да одговори на тоа.
***Контакт со очи, погледот на аверзија и држење на телото:*** *Ученикот* гледа директно во наставникот додека наставникот зборува, или намерно го одбива погледот. Ученикот исто така може да прифати било каков избор на положба додека седи , може да седи до исправено или навалено.
***Одговарање на прашањето со прашање:*** *Наместо* да одговори директно на прашањето на наставникот, ученикот одговара со сопствено прашање, било за разјаснување или како тактика на заобиколување.
Големо значење има користење на разговорот во училница за да се *стимулира мислењето на учениците.*
Различните карактеристики на разговорот во училница ја карактеризираат комуникацијата на повеќето наставници и студенти, барем кога се во училница и во училиште. Како што може да се претпостави, степенот и рамнотежата меѓу карактеристиките варира во зависност од *нивото на одделение, наставната област и личностите на учениците и на наставниците.*
Стилот на разговор во училницата, ја ограничува комуникацијата меѓу наставниците и учениците, но исто така им дава на наставниците и учениците "начин" за тоа како да зборуват во наставата и во процесот на учењето.
Во однос на проблематиката направено е истражување од дескриптивен тип, од прелиминарен карактер како основа за следење на состојбата во нашите училишта во однос на предметот на воспитно образовнот комуникациски процес во училницата. Целата на истражувањето беше да се утврди кои клучни карактеристики на комуникацијата во училницата се применуваат во основното образование. Генералната хипотеза на истражувањето беше поставена во облик на исказ на континуитет која гласи дека во воспитно образовниот процес во основните училишта во државата присутни се современи карактеристики на комуникацијата во основните училишта.
Истражувањето беше реализирано во тек на месец ноември 2018 година во 5 основни училишта во државава. Се работеше за прелиминарно истражување во кое беа опфатени по 15 професори од 5 основни училишта од пет различни градови во државата, вкупно 75 професори испитаници. Испитаниците со техниката на анкетирање, пополнуваа прашалник за социо-демографски податоци и посебно конструиран анкетен лист со Ликертова скала специјално подготвен за проблемот на истражување. Беа целосно запазени етичките начела на истражување со добивање на дозвола од менаџерите на училиштата, беше добиена информирана согласност и запазено начелото на анонимност. Податоците се обработени со софтверскиот пакет SPSS на ниво на дескриптивна статистика.
Во основно образование просечната возраст на испитаните професори беше 45 години, со вкупна бројка од 75 професори од кои 40 или 53.3% предаваат во одделенска и 35 или 46.7% во предметна настава. Од нив од вкупно 75 професори, 62 или 82.7% пофесори беа од женски пол, а 13 или 17.3 % професори беа машки пол.
Во овој дел од истражувачките резултати се прикажани застапените карактеристики на комуникацискиот процес во училниците во основно образование, во однос на различните аспекти на современата комуникација и тоа:. 1) функциите или целите на комуникацијата, низ балансот на говорот поврзан со содржината, процедурата и контролниот говор во наставниот процес, 2)примена на природата на невербалната комуникација во наставата, 3) учеството на учениците во одредени видови на активности во училицата, така наречена структура на учество во комуникацискиот процес. При тоа добиени се следните податоци:1) во однос на карактеристиката на комуникација поврзана со функциите или целите на комуникацијата, поврзан со содржината, процедурата и контролниот говор во наставниот процес, утврдено е следното: во однос на содржините на комуникацискиот процес според75.4% се изјасниле дека најприсутно е учење со истражување, во однос на прцедуралната комуникација според 68.4% се практикуваат јасни упатства за активности од страна на професорите, а во однос на контролниот говор според 76.8% најприсутно е дискутирање на правилата во одделението за соодвтено однесување.Ваквиот резултат ја потврдува потхипотезата според која, постои високо ниво на застапеност на современата карактеристика на функцијата на комуникацијата во оддлението во основното образование. 2)во однос на примена на невербалната комуникација во воспитно образовниот процес, утврдено е следното: според најголем број искази на професорите 61.7% најзастепен е контакт со очи, кој има поддржувачка улога на вербалната комуникација, потоа следуваат паузите во комуникацискиот процес во наставата. Со овие вредности се потврдува потхипотезата според која засатпени се невербална комуникација која е во поддршка на

вербаланата комуникација во одделенијата во основното образование. 3)карактеристиката на учеството на учениците во одредени видови на активности во училицата, така наречена структура на учество во комуникацискиот процес според најголем дел од професорите испитаници 69.7% е изразена низ примена на групна форма на работа во воспитно образовниот процес која овозможува збогатување на комуникацискиот процес во основното образование. Со ова се потврдува потхипотезата дека постојат активни форми на учество на учениците во воспитно образовниот комуникациски процес во основното образование.

Со оглед на тоа дека поединечните потхипотези на главната хипотеза беа потврдени, следува дека се потврдува и генералната истражувачката хипотеза, според која, во воспитно образовниот процес во основните училишта во државата присутни се современи карактеристики на комуникацијата во основните училишта.

Добиените сознанија се од прелиминарен карактер, и облик на мониторирање на состојбата во воспитано образовниот процес во основното образование. Ова е поттик за превземање на други истражувања со поголем обем за следење на состојбата во реалниот образовавен процес, за поддржување на позитивните чекори и стимулирање на дополнителни активности за понатамошен развој на воспитно образовниот процес.

**4.ЗАКЛУЧОК**

Сумативно, комуникацијата служи за широк спектар на цели и активности за настава и учењето во училница, од стимулирање на мислењето на учениците, до организирање правила, рутини во училницата, до управување со несоодветно однесување. За да комуницираат добро за процедурите и за очекуваното однесување на учениците, на наставниците им се потребни различни техники за управување. За да бидат ефективни во користењето на невербална комуникација, наставниците треба да користат соодветен контакт со очите, да овозможуваат доволно време за чекање помеѓу разговорите и да бидат свесни за ефектите на социјалната далечина врз учениците. Структурите на учество влијаат врз комуникацијата преку примена на одредени модели на говорење и слушање. Посебно значајни се заедничките структури за учество во комуникацискиот процес низ предавањата, низ прашања и одговори, дискусии во училницата и групна работа.

Примената на современите карактеристики на комуникацискиот процес во училницата во основното образование претствува нова можност како за учениците, така и за професорите, освен за развој на когнитивната компонена, така и за развој на афективната, и задоволството од наставата што повекува цела плејада на позитивности за развој на учениците.Целата на истражувањето беше следење на состојата на комуникација во реалниот воспитно-образовне процес, затоа што таа е јадрото кое кое се почнува. Во оваа смисла огромна е улогата и значењето на секој ученик во комуникацијата во образованието. Самата примена на карактерстиките на современата комуникација во училницата во основното образование од страна на професорите се показател дека се следат современите тенденции на педагогијата.

**ЛИТЕРАТУРА**

Arsenović Pavlović., M.,Antić., S., Jolić Marjanović., Z. (2017). *Pedagoška psihologija* Udžbenik sa priručnikom za vežbe .Univerzitet u Beogradu Fakultet za specijalnu edukaciju i rehabilitaciju – Izdavački centar (ICF).

American Psychological Association-Educational Psychology promotes Teaching and Learning-www.apa.org/action/science/teaching-learning/index.aspx преземено 06.02.2019

Azam, M. & Kingdon, G. (2014). *Assessing Teacher Quality in India*. Discussion Paper No. 8622

Bentley.J.B. (2018).*Extension, Communication and Education*. The international encyclopedia of anthropology.Wiley online library.

Coombs, W.T. (2015). *Ongoing Crisis Communication: Planning, Managing and Responding* ( 4th edn), Sage, Thousand Oaks, CA.

Domenech, F. & Gomez, A (2014). *The relationship among students' and teachers' thinking styles, psychological needs and motivation.* In Learning and Individual Differences, vol. 29, January 2014, Pages 89-97

Geghamyan, G. (2015). *The Impact of Teacher-Student Interaction on Students' Motivation.* Yerevan: American University of Armenia, College of Humanities and Social Sciences.

Seifert., K, Sutton., R.(2009). *Educational Psychology,* Second Edition.The Saylor Foundation,USA

Ќимова., Ѓ. (2018). *Методика на настава по психологија*. МЦСП. Свети Николе

Џордан., Е.А., Порат., Ј.М. (2017).*Образовна психологија*. Arbëria Design